Врз основа на член 57 од Законот за изменување и дополнување на Законот за вршење на нотарските работи („Службен весник на РМ“ бр. 25/98), Основачкото собрание на именуваните нотари во Република Македонија, на 15.08.1998 година, донесе

# О Д Л У К А
# ЗА ОСНОВАЊЕ НА НОТАРСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Се основа Нотарска комора на Република Македонија (во натамошниот текст: Комората).

Член 2

Седиштето на Комората е во Скопје.

Член 3

Привремената адреса на Комората е во просториите на Министерството за правда, на ул. „Димитрија Чуповски” бб – Скопје.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Член 5

Одлуката се објавува во „Службен весник на Република Македонија”.

15 август 1998 година
Скопје

Работно претседателство,
Претседавач,
**Никола Кајчевски,** с.р.